Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за шумарство и ловство**

Republika e MaqedonisësëVeriut
**Inspektorati Shtetëror i Pylltarisë dhe Gjuetisë**

16 НОЕМВРИ/ NËNTOR, 2023

АРХИВСКИ БРОЈ/NUMRI ARKIVIT: 04 – 347 /1

Врз основа на член 30, став(1), алинеја 2, став (3) и став (5) и член 48 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018,275/19, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), Известувањето за обезбедени финансиски средства бр. 18-11457/2 од 13.11.2023 година од Министерството за финансии, како и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категотијата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија„ бр. 11/2015 и 35/2018), Државниот инспекторат за шумарство и ловство, објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС број 01/2023**

**За пополнување на работно место со унапредување**

Државниот инспекторат за шумарство и ловство објавува интерен оглас за унапредување на 1 административен службеник за следното работно место:

1. **Работно место:** УПР 0101 В01 000 Советник за анализа и обработка на податоци за извршени инспекциски надзори во областа на ловсрвото - Советник;

**Одделение** за подршка на инспекциски надзор во областа на ловството

**Сектор:**Сектор за инспекциски надзор во лобството

**Број на извршители:** еден (1) извршител;

**Општи услови**:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови утврдени со Законот за административни службеници:**

- стручни квалификации за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Шумарство и хортикултура, земјоделско инженерство - Работно искуство, и тоа: најмалку три години работно искуство во струката,

**-Посебни работни компетенции:** - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење :

**Општи работни компетенции :**

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

**Распоред на работното време:**

Работни денови - од понеделник до петок
Работни часови неделно - 40 часа
Работно време: 08:30 часот до 16:30 часот

**Нето месечна плата:** 35,041 денари.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во Државниот инспекторат за шумарство и ловство, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветно ниво со Законот за административни службеници и со Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за шумарство и ловство и тоа:

-да е оценет со оценка „А" или „Б" при последно оценување на кое бил оценуван,
-да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас ,
-да поминал најмалку две години на тековното работно место и
-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас.

**Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена** од денот на објавување на web страната на Државниот инспекторат за шумарство и ловство и на web страната на Агенцијата за администрација.

Кандидатот за унапредување се пријавува на интерен оглас со поднесување на пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата преку архивата на Државниот инспекторат за шумарство и ловство ја доставуваат до Одделението за управување со човечки ресурси.

Кандидатот кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази:
- потврда за успешно реализирани обуки,
- потврда за успешно реализирано менторство

Во пријавата кандидатите се должни под целосна морална, материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни и веродостојни, а доставените докази верни на оргиналот.

**НАПОМЕНА:** Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

Со почит/me respekt

Изработил/Përgaditi: Mazez Qaili

Одобрил/Miratoi: Марјан Мицев

в.д.ДИРЕКТОР/ u.d.DREJTOR
Xhemail Jusufi